Агенција за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија
Agjencia për Promovimin dhe Përkrahjen e Turizmit në Republikën e Maqedonisë së Veriut
Бр./Nr. 04-426/19
27.11.2023 год./viti
Скопје / Shkup

**Влада на Република Северна Македонија**

- АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ -

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници, („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), и Правилникот за формата и содржината на Интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот за спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), директорот на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот, донесе

**О Д Л У К А**

за избор на кандидат по пат на Интерен оглс број 01/2023 за пополнување на работно место со унапредување

1. Кандидатот **Слаџана Анѓелковска** се избира за работно место УПР0101В02000 Виш соработник за управување со човечки ресурси, во Одделение за управување со човечки ресурси во Агенција за промоција и поддршка на туризмот.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас бр.01/2023 од 15.11.2023 година

3. Именуваниот ќе биде унапреден на работно место од точка 1 по конечноста на одлуката.

4. Одлуката влегува во сила на денот на донесувањето.

Архивски знак: ____
Рок на чување: ____
____ 20__ год.
Потпис

**О б р а з л о ж е н и е**

На ВЕБ страната на Агенција за промоција и поддршка на туризмот и Агенција за администрација, а по претходно добиено известување за обезбедени финасиски средства од од Министерството за финасии бр. 04-48/26 од 14.11.2023година, на ден 15.11.2023 година, преку интерен оглас број 01/2023 беше огласена потребата од унапредување на 1 (еден) административен службеник за работно место УПР0101В02000 Виш соработник за управување со човечки ресурси, во Одделение за управување со човечки ресурси.

Со Решение број 04-426/14 од 21.11.2023 година, формирана е Комисија за селекција за унапредување на административен службеник по интерен оглас, која ја спроведе постапката за селекција на кандидатите за унапредување. По спроведената постапка, Комисијата за селекција изготви Записник за административна селекција за интерен оглас број 04-426/15 од 24.11.2023 година и Записник од спроведено интервју, број 04-426/16 од 24.11.2023 година.

## Влада на Република Северна Македонија

### - АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ -

Врз основ од резултатите од спроведените фази за унапредување, Комисијата за селекција за унапредување изготви финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат.

Врз основ на ранг листата се донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваниот.

**Правна поука**: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба може до Агенцијата за администрација, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната на АППТ.

**Директор**
д-р Љупчо Јаневски

Одделение за управување со ЧР
Изработил: Слаџана Анѓелковска

ДОСТАВЕНО ДО:
- кандидатот
- Архива на АППТ
- Одделение за управување со ЧР